Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на дрва од видовите (јавори, јасени, ореви, дудуинки, копривки и сливи) што се наоѓаат на **бул."Т.М.Бригада" улица 1 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид на локација **бул."Т.М.Бригада" улица 1 – Скопје** на ден **07.07.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата имаат надвиснати гранки над улицата кои пречат при движење на пешаците и возилата.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата имаат надвиснати гранки над улицата кои пречат при движење на пешаците и возилата.
Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**11.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило", Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## РЕШЕНИЕ

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-сл/2, од 11.07. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр. 14-сл/2 од 11.07. 2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност, овој орган, има направено удид на **бул."Т.М.Бригада" улица 1 – Скопје** на ден **07.07.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата имаат надвиснати гранки над улицата кои пречат при движење на пешаците и возилата.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност по безбедноста на пешаците и возилата од надвиснатите гранки над улицата, за што постои јавен интерес,за нивно кастрење па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-сл/3**
**11.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:Барателот, Архива**
Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________